# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА РЕСЕН

Службен гласник на Општина Ресен
-излегува по потреба
www.resen.gov.mk

11.04.2025 година
бр.4 година 60
Ресен

Уредува
Стручна служба
Тел. 047/551- 903
kabinet.gradonacalnik@resen.gov.mk

# АКТИ НА ОПШТИНА РЕСЕН

**1.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за констатирање на природна непогода-голомразица на територијта на Општина Ресен

Се објавува Одлука за констатирање на природна непогода-голомразица на територијта на Општина Ресен што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 11.04.2025 година.

Бр.09-1067/1 | Градоначалник
11.04.2025 година | Јован Тозиевски с.р
Р е с е н

Врз основа на член 22 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр. 5/02 ), член 16 став 1 точка 10 и член 23 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Ресен (“ Службен гласник на Општина Ресен“ бр. 7/2010,13/2013, 8/2015 и 11/2015 ), а во врска со член 143 од Законот за заштита и спаување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21) Советот на Општина Ресен на 64 та седница одржана на ден 11.04.2025 година, донесе

О Д Л У К А
за констатирање на природна непогода- голомразица на територијата на Општина Ресен

Член 1

Со оваа Одлука се констатира природна непогода -голомразица која ја зафати територијата на Општина Ресен во деновите од 06.04.2025 год. до 10.04.2025 година.

Член 2

Се задолжува Градоначалникот, стручните служби на Општина Ресен да објават јавен повик за пријавување на штетите предизвикани од природната непогода.

Градоначалникот со Решение ќе го определи составот на дополнителните комисии за проценка на штети на земјоделските површини, предизвикани од природната непогода – голомразица.

Комисиите за проценка на штетите, ќе направат увид на погодените површини, ќе извршат проценка на штетите на земјоделските површини предизвикани од голомразица на територијата на Општина Ресен, за што ќе се изготви Елаборат за процена на штетите.

Член 3

Оваа одлука стапува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Ресен.

С О В Е Т Н А О П Ш Т И Н А Р Е С Е Н

Бр.08- 1000/4<br>11.04.2025 година<br>Ресен

Претседател<br>Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

**2.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штетата од природна непогода-голомразица

Се објавува Одлука за формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штетата од природна непогода-голомразица , што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 11.04.2025 година.

Бр.09-1067/2
11.04.2025 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 23 став 1 точка 47 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен" бр.7/2010, 13/2013, 08/2015, 11/2015 и 10/2021) и член 143 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21), Советот на Општина Ресен на седница одржана на ден 11.04.2025 година, донесе

О Д Л У К А

за формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штетата од природна непогода – голомразица

Член 1

Со оваа Одлука се формира Комисија за процена и утврдување на висината на штетата од природна непогода –голомразица на подрачјето на Општина Ресен ( во натамошниот текст: Комисијата), заради проценување и

утврдување на штета на земјоделските насади од природна непогода – голомразица на територијата на Општина Ресен.

Член 2

Комисијата е во следниот состав:

Претседател – Илче Ристевски

Членови:

- Миха Догу
- Николче Шушевски
- Тодор Китевски
- Кирил Тански
- Аријан Лумани
- Катерина Крстевска

Член 3

Комисијата има за задача:

- Да изврши проценка и утврдување на висината на штети настанати од природна непогода на подрачјето на Општина Ресен. Комисијата може и дополнително да ангажира стручни лица во согласност со Градоначалникот.
- При процена и утврдување на штетите Комисијата ја применува Методологијата за процена на штета од природни непогоди и други несреќи.
- Да изготви збирен извештај за проценетите штети на подрачјето на Општина Ресен и да го достави до Советот на Општина Ресен на разгледување.
- Врз основа на усвоениот извештај да изработи Елаборат за настаната штета и да го достави до комисијата што ја формира Владата.

Член 4

Оваа одлука стапува во сила со денот на објавување во „Службен Гласник на Општина Ресен.“

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08 -1000/5
11.04.2025 година
Ресен

Претседател
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

**3.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката за проширување на средствата на Буџетот Општина Ресен за 2025 година

Се објавува Одлука за проширување на средствата на Општина Ресен за 2025 година, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 11.04.2025 година.

Бр.09-1067/3<br>11.04.2025 година<br>Р е с е н

Градоначалник<br>Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 33 и 34 од Законот за Буџетите (Сл.весник на РМ бр.64/2005,04/2008,103/2008,156/2009,95/2010,180/2011,171/2012,192/2015,167/2016,203/2022 76/2024 и 272/2024),

Советот на Општина Ресен на 64-та седница, оддржана на ден 11.04.2025 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

За проширување на средствата на Буџетот на Општина **РЕСЕН** за **2025** година

## Член 1

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на Општина РЕСЕН за 2025 година, на следниот начин :

| Потпрограма<br>Потставка | | САМОФИНАН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| Се зголемуваат приходите на следните потаставки : | | | | | |
| 742119 | Други општи и тековни донации | 0 | 0 | 2.160.000 | 0 |
| | | **0** | **0** | **2.160.000** | **0** |
| и се распредуваат на следните расходни потаставки : | | | | | |
| **N20** | **СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 420220 | Патување во странство - патни расходи | 0 | 0 | 250.000 | 0 |
| 420230 | Патување во странство - сместување | 0 | 0 | 1.690.000 | 0 |
| 425990 | Други договорни услуги | 0 | 0 | 220.000 | 0 |
| | | **0** | **0** | **2.160.000** | **0** |

## Член 2

О д л у к а т а влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Ресен и станува составен дел на Буџетот на Општината за 2025 година

Бр. 08-1000/6
11.04.2025 год
Ресен

Претседател на Советот на Општината
**Ирена Стрезовска Кукуловска** с.р

**4.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за финансиско учество во реализација на Проектот „ Надградба на техничките капацитети на ЈКП Пролетер во Општина Ресен “

Се објавува Одлука за финансиско учество во реализација на Проектот „ Надградба на техничките капацитети на ЈКП Пролетер во Општина Ресен “, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 11.04.2025 година.

Бр.09-1067/4 Градоначалник
11.04.2025 година Јован Тозиевски с.р
Р е с е н

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 23 став 1 точка 36 од Статутот на Општина Ресен ("Службен Гласник на Општина Ресен" бр.7/10, 13/13, 8/15, 11/15 и 10/21), Советот на Општина Ресен на седницата одржана на ден 11.04.2025 година ја донесе следната

О Д Л У К А

за финансиско учество во реализација на Проектот „ Надградба на техничките капацитети на ЈКП Пролетер во Општина Ресен “

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува финансиско учество и се дава согласност на намената на инвестицијата за Проектот „ Надградба на техничките капацитети на ЈКП Пролетер во Општина Ресен “.

Член 2

Вкупниот износ на проектот за Општина Ресен изнесува 4.500.000 денари со ДДВ.

Општина Ресен за реализацијата на проектот ќе кофинансира финансиски средства во висина до 1.000.000 денари, а средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Ресен.

Остатокот од средствата 3.500.000 денари ќе се обезбедат преку Министерството за локална самоуправа, Програма: Намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2025 година.

Член 3

Проектот ќе се имплементира преку Центарот за развој на Пелагониски плански регион.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавување во "Службен Гласник на Општина Ресен" .

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

БР. 08-1000/7 Претседател
11.04.2025 година Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

Ресен

**5.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за отпочнување на постапка за збратимување на Општина Ресен со Литлхамптон, Англија, Обединето Кралство

Се објавува Одлука за отпочнување на постапка за збратимување на Општина Ресен со Литлхамптон, Англија, Обединето Кралство, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 11.04.2025 година.

Бр.09-1067/5
11.04.2025 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 14 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“,бр.05/2002 и 202/2024) и член 14 став 1 од Статутот на Општина Ресен ( “Службен Гласник на Општина Ресен“ бр. 7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021 ), Советот на Општина Ресен на седницата одржана на ден 11.04.2025 година, донесе

О Д Л У К А
за отпочнување на постапка за збратимување на Општина Ресен со Општина Литлхамптон, Англија, Обединето Кралство

Член 1

Со оваа Одлука се уредува збратимувањето на Општина Ресен и Општина Литлхамптон , Англија, Обединето Кралство.

Член 2

Збратимувањето е официјален свечен чин на меѓусебна меѓународна соработка меѓу двете општини.

Збратимувањето помеѓу Општина Ресен и Општина Литлхамптон, ќе биде основ за продлабочување на пријателството, подобрување на соработката меѓу двете општини, размена на искуства и развивање на соработка во областа на економијата, културата и социјалата како и други области од општествениот живот.

Член 3

Прогласувањето на збратимувањето ќе се изврши на свечен начин со потпишување на Повелбата за пријателство од двете општини.

Член 4

Во името на Општина Ресен, Повелбата ќе ја потпише Градоначалникот на Општина Ресен.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Ресен“.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-1000/8
11.04.2025 година
Ресен

Претседател
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

**6**.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Заклучокот по Предлогот од Советот до општинската администрација за доделување на финансиска помош на граѓаните кои имаат дополнителни трошоци во врска со полагање на возачкиот испит

Се објавува Заклучок по Предлогот од Советот до општинската администрација за доделување на финансиска помош на граѓаните кои имаат дополнителни трошоци во врска со полагање на возачкиот испит, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 11.04.2025 година.

Бр.09-1067/6
11.04.2025 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 23 став 1 точка 35 и член 86 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 08/2015, 11/2015 и 10/21) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 11.04.2025 година, откако го разгледа Предлог од Советот до општинска администрацијата за доделување на финансиска помош на граѓаните кои имаат дополнителни трошоци во врска со полагање на возачки испит, го донесе следниот,

З А К Л У Ч О К

1. Се усвојува Предлог од Советот до општинска администрацијата за доделување на финансиска помош на граѓаните кои имаат дополнителни трошоци во врска со полагање на возачкиот испит.
2. Се задолжува општинската администрација на Општина Ресен да ги разгледа можностите за помош на граѓанитете кои имаат дополнителни трошоци во врска со полагање на возачкиот испит.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-1000/9
11.04.2025 година
Ресен

Претседател
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

## СОДРЖИНА:

1. Одлука за констатирање на природна непогода- голомразица на територијата на Општина Ресен……………………….............................стр.1
2. Одлука за формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штетата од природна непогода – голомразица...…............................стр.3
3. Одлука за проширување на средствата на Општина Ресен за 2025 година.........................................................................................стр.6
4. Одлука за финансиско учество во реализација на Проектот „ Надградба на техничките капацитети на ЈКП Пролетер во Општина Ресен“...........стр.7
5. Одлука за отпочнување на постапка за збратимување на Општина Ресен со Литлхамптон, Англија, Обединето Кралство...................................стр.9
6. Заклучок по Предлогот од Советот до општинската администрација за доделување на финансиска помош на граѓаните кои имаат дополнителни трошоци во врска со полагање на возачкиот испит.............................стр.11

Издавач:Општина Ресен
Тел:047-551-770
Буџетска сметка: 7600140754630 10 НБРМ
Даночен број: 4024004107609
Матичен број: 6018572